**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА ДЕКЕМВРИ 2007 ГОДИНА

## 1. Зајакнување на институционалниот капацитет

Со цел да се олесни спроведувањето на царинската постапка како за царинските работници, така и за останатите учесници во меѓународната трговија, за правилното утврдување на царинските давачки и спроведувањето на пропишаните нетарифни мерки, Царинската управа на Република Македонија (во натамошниот текст: Царинска управа изготви Водич за царинење на стоки за 2008 година во кој се интегрирани Законот за царинска тарифа, Одлуката за менување и дополнување на Царинската тарифа, Одлуката за форми на извоз и увоз, преференцијалните царински стапки согласно договорите за слободна трговија и другите нетарифни мерки.

По донесувањето на Царинската тарифа за 2008 година, а во согласност со договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со одредени земји и територии, Царинската управа ги пресмета преференцијалните стапки и изврши нивно инсталирање во Системот за процесирање на царински декларации – ASYCUDA.

Од 1 јануари 2008 започнаа да се применуваат измените и дополнувањата на Законот за јавни патишта, кои се однесуваат на начинот на пресметка и наплата на надоместокот за користење на јавните патишта. Со измените, поедноставена е постапката за наплата на надоместокот (како фаза во негово целосно елиминирање) и истиот се наплаќа од царинските органи на граничните премини при излез од Република Македонија. Овој надоместок се однесува на јавните патишта во Република Македонија со исклучок на јавните патишта за чие користење се наплаќа патарина. Заради правилна и еднообразна примена на Законот за јавни патишта, а на барање на Царинската управа, Министерството за транспорт и врски во декември 2007 година изготви Инструкции за примена на член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта, со кои се објаснува начинот на пресметка и наплата на надоместокот на странските возила за користење на јавните патишта.

Во декември 2007 година Царинската управа донесе Упатство за минималните услови и начинот на определување на работниот простор каде стоката во товарни моторни возила се става на увид и се врши преглед од страна на царинските органи со кое за прв пат се регулира статусот на приватните царински терминали и се обезбедува еднакви минимални услови за економските оператори. Пред донесување на ова Упатство широко беше консултирана бизнис заедницата а посебно постојните држатели на царински терминали.

По изготвувањето на Студијата за развој и спроведување на новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS), формирана е работна група за воведување на NCTS, односно за имплементација и реализација на активностите содржани во студијата според предвидената динамика.

Во текот на декември 2007 година, завршени се потребните активности за започнување со официјална примена на TRACKER – Системот за контрола на стоки

за двојна намена, со инсталација на македонска верзија и обука на вработените од институциите корисннчки на системот.

Согласно предвидените развојни активности во делот на општите софтвери, Царинската управа, врз основа на претходна анализа и дизајн, изработи и изврши инсталација на апликација за магацинско работење. Со оваа апликација ќе се овозможи следење на текот на опремата и потрошните материјали кои влегуваат и излегуваат во/од централниот магацин на Царинската управа со што ќе се постигне поголема ефикасност во користењето и заштеда на материјалите. За правилна имплементација на апликацијата беа спроведени потребните корисничките обуки за вработените.

Кон крајот на 2007 година на Царинската управа и беа испорачани првите два мобилни рендгенски скенери за контрола на камиони и контејнери. Покрај ова, Министерот за финансии го одобри деталиот план на царинските експерти на Crown Agents врз чија основа започна негово забрзано имплементирање.

Во декември 2007 година наплатени се 3.974 милиони денари (околу 65 милиони евра) на име вкупни приходи од увозни давачки, од кои 493 милиони денари (околу 8 милиони евра) на име царина и други царински давачки, 3.405 милиони денари (околу 55 милиони евра) на име ДДВ и 75 милиони денари (околу 1,2 милиони евра) на име акцизи. Во споредба со истиот месец 2006 година вкупно наплатените увозни давачки се поголеми за 20,67 %.

Во периодот од 01.01.2007 до 31.12.2007 година наплатени се вкупно 41.791 милиони денари (околу 680 милиони евра) приходи од увозни давачки, од кои 6.445 милиони денари (околу 105 милиони евра) на име царина и други царински давачки, 34.455 милиони денари (околу 560 милиони евра) на име ДДВ и 890 милиони денари (околу 14,5 милиони евра) на име акцизи. Во споредба со 2006 година, кога беа наплатени вкупно 32.702 милиони денари приходи од увозни давачки, вкупно наплатените увозни давачки во 2007 година се поголеми за 27,79 %.

## 2. Зајакнување на административниот капацитет

Во декември 2007 година Царинската управа учествуваше во организација на следниве обуки, работилници, семинари и работни средби:

- Во согласност со програмите за стручно оспособување, за нововработените царински службеници се одржани следниве обуки:
  - Во периодот од 10 до14.12.2007 година беше одржана обуки за запознавање на нововработените царински службеници со законските прописи кои се применуваат во царинското работење. Обуката ја следеа вкупно 16 виши царински службеници и истата претставува почеток на реализација на програмата за основна обука за новоработените Виши цариници,
  - Во периодот 10-14.12.2007 година одржана е основна обука за 10 новоработени цариници на теми за мерки на трговска политика, тарифа, вредност, потекло и транзитна постапка (втор чекор од Програмата за основна обука).
- Во соработка со Центарот за менаџмент, консалтинг, образование и обука МОТИВА на 07.12.2007 и 14.12.2007 година одржана е обука за комуникациски вештини и тимска работа на која учествуваа 26 раководители од средно ниво,

- Со цел јакнење на капацитетите и зголемување на свеста за препознавање и откривање на фалсификувани документи на 19.12.2007 година одржана е дополнителна обука за петнаесет царински службеници од ЦИ Деве Баир,
- Согласно Договорот за набавка на мобилни рентгенски скенери за контрола на камиони и контејнери, во периодот 25-28.12.2007 година одржана е обука за ракување со мобилните скенери за 25 вработени во Одделението за оперативни во траење,
- На 24.12.2007 година од страна на Секторот за информатички и комуникациски технологии одржана е двочасовна обука за 40 царински службеници за електронска евиденција на магацинско работење (опрема и потрошни материјали за потребите на организационите единици).

Во текот на декември 2007 година, 17 царински службеници учествуваа на состаноци, семинари, обуки, конференции и студиски посети одржани во странство, како дел од меѓународни проекти и соработка со меѓународни институции и агенции. Овие царински службеници учествуваа на:

- Обука поврзана со теми и активности од областа на контроли и истраги одржана во периодот 20.10.-15.12.2007 година во Будимпешта, Унгарија на која учествуваа двајца претставници од Царинската управа,
- Еден царински службеник учествуваше во Работна група на тема Трговска измама - Стратегија на Царинската управа за подобрување на активностите за справување со трговски измами во периодот 09-13.12.2007 година во Брисел, Белгија,
- Во завршните фази на адаптирање на локалната македонска верзија на Тракер системот и обука за обучувачи одржана во Вашингтон, САД во периодот 08.-15.12.2007 година учествуваше еден претставник од Царинската управа,
- На состанокот за прифаќање на Акционен план за 2008 година и развивање на проект за безбедност на контејнерски транспорт одржан во Атина, Грција во периодот 09-12.12.2007 година учествуваа двајца претставници од Царинската управа,
- На состанокот на Управниот комитет на Твининг програмата помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Царинската и даночната управа на Кралството Холандија одржан во периодот 16-18.12.2007 година во Утрехт, Холандија учествуваа двајца претставници на Царинската управа,
- Девет претставници од Царинската управа учествуваа на Обука за поедноставени постапки при увоз за облагородување и вршење на контрола кај иматели на одобренија одржана во периодот 16-20.12.2007 година во Утрехт, Холандија.

## 3. Интегритет и борба против корупција

Во декември 2007 година Одделението за внатрешни истраги реализираше 9 истражни постапки во организационите единици на Царинската управа. Внатрешните истраги се спроведени врз основа на различни сознанија и примени информации. За спроведените истраги изработени се три службени информации, една информација и пет службени белешки[1]. Во истиот период Одделението за внатрешна инспекција

[1] Службени информации се изготвени кога по извршените внатрешни истраги постои основано сомнение дека царинските службеници работеле спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс. Службени белешки се изготвени кога по извршените внатрешни истраги не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

изврши контрола во повеќе организациони единици на Царинската управа и изготви два извештаи.

Одделението за внатрешна ревизија изврши една ревизија на внатрешните контроли при исплата на обврските на Царинската управа за периодот од 01.01.2007 до 31.10.2007 година со која се констатиран 14 наоди и дадени се пет препораки за постапување.

Во истиот период во Царинската управа се реализирани осум дисциплински постапки против осум цармнски службеници. Во пет случаи донесени се решенија за престанок на работен однос со Царинската управа, а во два случаи изречена е мерка парична казна на царински службеник.

Во декември 2007 година, Царинската управа до надлежните Основни јавни обвинителства достави три кривични пријави против 10 царински службеници за злоупотреба на службената должност и овластување, со што овозможиле одредени трговски друштва да стекнат противправна имотна корист. Исто така, Министерството за внатрешни работи ја извести Царинската управа дека е поднесена кривична пријава против царински службеник за сторено кривично дело помагање во криумчарење и фалсификување на службена исправа.

## 4. Транспарентност

Во декември 2007 година преку отворената царинска линија 197 се примени 7.245 повика или во просек 233 повика на ден, од кои:

- 4 повика се А класа (информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по кои се превземени активности,
- 12 повика се Б класа (информации кои бараат натамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа), проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка,
- 36 повика се Ј класа (информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници).

До Гранична полиција упатени се 52 барања (за асистенција, проверка на лица/возила за остварен влез или излез), а до Дежурниот центар за состојби при Бирото за јавна безбедност на Министерството за внатрешни работи упатени се 4 барања за проверка на податоци на лица. На сите упатени барања е добиен одговор.

Во делот на континуираното зголемување на транспарентноста во информирањето на вработените и пошироката јавност, во декември 2007 година на интранет порталот на Царинската управа се објавени 30 информации, додека на официјалната интернет страница објавени се 40 информации, на македонски, англиски и албански јазик.

Царинската управа електронски го публикуваше Водичот за царинење на стока за 2008 година на интернет страницата, со што истиот е бесплатно достапен до сите учесници во меѓународната трговија и е постигната целосна транспарентност и олеснување во спроведувањето на царинската постапка.

## 5. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

На 13.12.2007 година на царинска испостава Блаце (на македонско-српската граница, во делот со Косово), царинските службеници при контрола на товарно моторно возило цистерна пријавена за излез од Република Македонија, наместо декларираните 18.210 кг течен нафтен гас, открија дека во цистерната има 25.224 кг еуродизел.

На 27.12.2007 година на граничниот премин Блаце (на македонско-српската граница, во делот со Косово) при преглед на патничко моторно возило, во багажниот простор, царинските службеници пронајдоа сокриено лице без документи за идентификација. Лицето е предадено на полициските органи на граничниот премин кои го превземаа случајот за понатамошна постапка.

Врз основа на разузнавачки информации и анализи на ризикот, специјалните мобилни единици, во декември 2007 година извршија преглед на 374 камиони, 43 автобуси, 514 автомобили или на вкупно 931 возила на граничните премини и во внатрешноста, при што се запленети разни стоки (цигари, алкохол, текстил, странски средства за плаќање, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки). Истовремено, и царинските службеници на граничните премини и во внатрешните царински испостави спречија повеќе обиди за криумчарење при што се запленети:

- 33.600 парчиња цигари и 500 грама обработен тутун,
- 8 литри алкохол,
- 3.995 парчиња текстилни производи и облека и 49 метри платно деним тексас,
- 1.262 пара обувки,
- 1.659 парчиња ракавици,
- 108 парчиња ремени,
- 282 парчиња чанти и новчаници,
- 183.960 кг кокс и 1.119.750 кг манганова руда,
- 1.078,00 кг замрзнато говедско месо,
- 8.265 кг гума за џвакање,
- 25 кг семенски материјал луцерка и 20 кг семенски материјал фик,
- 19.000 кг хербициди,
- 7.200 парчиња ханзапласт и 1.000 парчиња заштитни ракавици,
- 340 пара нови работнички ракавици,
- 468 парчиња рачен алат (бургии за бетон, бургии за метал, пили за метал, шлајферици, бормашини, фенови, убодни пили, моторни пили, електрични хефталици, циркулари, компресори и сл.),
- 1.503 парчиња автоделови, 223 парчиња половни автомобилски гуми и 8 парчиња половни камионски гуми,
- 340 парчиња славини за купатила и 90 парчиња рачки за туш,
- 33.600 парчиња батерии,
- 990 парчиња батерии за часовници,
- 1.450 парчиња скалпери,
- 960 парчиња ножици,
- 15 парчиња употребувани централни едници за компјутер,
- 10 парчиња нови торби за лап-топ компјутери,
- 16 парчиња Bluetooth слушалки,
- 8 парчиња употребувани телевизори,
- 2 парчиња нови ТВ приемници,
- 9 парчиња употребувани музички системи,
- 11 парчиња портабл ДВД плеер,
- 1 парче аудио surround рисивер,
- 109 парчиња соковници,

- 40 парчиња правосмукалки,
- 3 парчиња фритези,
- 1 парче микробранова печка,
- 81 парче ловечка муниција калибар 12 мм и 1.750 дијаболи за воздушна пушка,
- 631 парчиња петарди и 6 парчиња светлечки ракети,
- 83.750 евра,
- 17.500 швајцарски франци и
- 11.000 австралиски долари.

За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа поднесени се 169 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 39 барања по прекршочна пријава за возила од Министерството за внатрешни работи, 13 барања по записник за царински прекршок од Секторот за контрола и истраги, 108 барања по записник за царински прекршок од царинските испостави и служби за надзор на иматели на одобренија. Исто така, поднесени се 26 пријави за покренување за кривична постапка, против 31 физички лица и 10 правни лица.

Во декември 2007 година Царинската управа донесе 299 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 23,8 милиони денари (околу 387 илјади евра).

Во периодот 28.11-25.12.2007 година, Царинската управа на Република Македонија спроведе неколку уништувања на стока одземена или отстапена во корист на државата, а која се уништува согласно член 87 од Царинскиот закон. Стоката која беше уништена се состоеше од 20.498.280 парчиња цигари, 275 парчиња пури, 345 литри (нето) алкохолни пијалоци, 1.905 кг прехранбени производи со изминат рок на употреба, 305 кг козметика со изминат рок на употреба, 65 кг филмови за фото апарати, 480 кг лекови и помошни лековити средства и 760 кг разни лепила со изминат рок на употреба.

Исто така, во периодот 17-21.12.2007 година, Царинската управа спроведе неколку уништувања на разновидна стока, во вкупна количина од 50.027 парчиња, за која по завршување на постапката согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост се потврди дека е фалсификат и повредува права од интелектуална сопственост. Уништената стока беше со потекло од Турција, Кина, Обединети Арапски Емирати и Грција и се состоеше од патики, фармерки, маици, шорцеви, бермуди, блузи, тренерки, апостолки, чорапи, каиши, долен веш, капи, очила, часовници, спортски ранци, ташни, парфеми, маскари, држачи за таблици, патосници, лагери, делови за мобилни телефони од трговските марки Nike, Puma, Adidas, Converse, Reebok, Diesel, Replay, Lacoste, D&G, Christian Dior, Gucci, Lancome, Davidoff, Kenzo, Chanel, Joop, Armani, Hugo Boss, Loreal, Versace, Calvin Klein, Tommy Hilfiger, Mercedes-Benz, Nokia. Фалсификуваната стока се уништи под царински надзор и транспарентно со присуство на претставници на застапниците на наведените брендови.

Во декември 2007 година Царинската управа спречи 32 обиди за повреда на право од интелектуална сопственост и привремено задржа 46.950 парчиња различна стока со следната структура:

- 1.517 парчиња со лого на трговската марка ADIDAS (95 пара патики, 100 пара тренерки, 986 парчиња тренерки-долен дел и 336 парчиња плетени капи),
- 589 парчиња со лого на трговската марка NIKE (2 парчиња тренерки-горен дел, 287 пара патики, 24 пара чорапи и 276 парчиња плетени капи),

- 243 парчиња со лого на  трговската марка PUMA (89 парчиња блузи, 8 парчиња тренерки-долен дел, 2 парчиња дуксерки и 144 парчиња плетени капи),
- 101 парче со лого на трговската марка CONVERSE (61 парче блузи и 40 парчиња фармерки),
- 143 пара патики со лого на трговската марка REEBOK ,
- 1 парче дуксерка со лого на трговската марка KAPPA,
- 1.996 парчиња со лого на трговската марка HUGO BOSS (120 парчиња кошули, 8 пара фармерки, 22 пара чорапи, 744 парчиња тоалатни води и 1.102 парчиња деодоранси),
- 903 парчиња со лого на трговската марка ARMANI (225 пара фармерки, 8 парчиња палта, 89 парчиња кошули, 187 парчиња блузи, 80 парчиња долен веш, 4 парчиња јакни, 10 парчиња ремени и 300 парчиња очила за сонце),
- 1.097 парчиња деодоранси со лого на трговската марка ACQUA DI GIO,
- 710 парчиња со лого на трговската марка D&G (530 парчиња блузи, 47 парчиња фармерки, 40 парчиња долен веш и 93 парчиња тоалетни води),
- 87 парчиња со лого на трговската марка VERSACE (22 парчиња фармерки, 41 парчиња кошули и 24 парчиња блузи),
- 254 парчиња со лого на трговската марка DIESELL (244 парчиња фармерки, 9 парчиња тренерки-долен дел и 1 парче дуксерка),
- 141 парче со лого на трговската марка GAS (103 парчиња кошули, 22 парчиња фармерки и 16 парчиња блузи),
- 500 парчиња очила за сонце со лого на трговската марка RAY BAN,
- 510 парчиња со лого на трговската марка LACOSTE (52 парчиња фармерки и 458 парчиња блузи),
- 1.383 парчиња со лого на трговската марка TOMMY HILFIGER (45 парчиња фармерки, 48 парчиња блузи и 1.290 парчиња деодоранси),
- 1.208 парчиња со лого на трговската марка CALVIN KLINE (204 парчиња плетени капи и 1.004 парчиња деодоранси),
- 41 парче со лого на трговската марка TOM TAYLOR (12 парчиња фармерки и 29 парчиња блузи),
- 1.515 парчиња со лого на трговската марка GUCCI (370 парчиња тоалетни води и 1.145 парчиња деодоранси),
- 186 парче тоалетни води со лого на трговската марка KENZO,
- 372 парчиња тоалетни води со лого на трговската марка DAVIDOFF,
- 279 парчиња тоалетни води со лого на трговската марка ESCADA,
- 558 парче тоалетни води со лого на трговската марка CHANEL,
- 80 парчиња со лого на трговската марка TIMBERLAND (58 парчиња панталони и 22 пара зимски чевли),
- 17 парчиња фармерки со лого на трговската марка REPLAY,
- 1.000 парчиња со лого на трговската марка NOKIA (41 парче слушалки, 9 парчиња USB кабли, 4 парчиња TV кабли, 720 парчиња батерии, 116 парчиња адаптери и 110 парчиња кожни футроли за мобилни телефони),
- 450 парчиња батерии за мобилен телефон со лого на трговската марка SONY ERICSSON,
- 215 парчиња со лого на трговската марка MOTOROLA (118 парчиња батерии и 97 парчиња кожни футроли за мобилни телефони),
- 542 парчиња со лого на трговската марка SONY PLAYSTATION (20 парчиња Playstation, 190 парчиња Playstation2, 36 парчиња Playstation3 и 296 парчиња палки),
- 552 парчиња со лого на трговската марка MERCEDES-BENZ (100 парчиња дихтунг за глава на мотор, 440 парчиња филтри за воздух-к и 12 парчиња филтер за воздух-п),
- 29.760 парчиња со лого на трговската марка PRINCO (17.880 парчиња CD и 11.880 парчиња DVD).

Во декември 2007 година прифатени се 5 нови барања за преземање на царински дејства според Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост за PAPER MATE (во збор), ROTRING THE WRITE WAY (во дизајн во црвена боја), Adam's SHOES, PARKER (во збор) и ROTRING WRITE IT DRAW IT DO IT (во дизајн во црвена боја).

## 6. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

Царинската управа на Република Македонија, на 3 декември 2007 година прими донација од Европската унија преку Канцеларијата за царинска и фискална помош на Македонија- CAFAO MAK. Опремата вредна 52.000 евра се состои од компјутерска опрема и дигитална аудио и видео опрема и е намената за Секторот за човечки ресурси, Секторот за контрола и истраги, како и за царинските испостави.

Врз основа на Препораките од Дијагностичката мисија на Светската царинска организација и Стратегијата за борба против корупција на Царинската управа, Царинската управа на Република Македонија во соработка со Амбасадата на Кралството Холандија и финансиска помош од Министерството за финансии на Холандија изработија промотивен матерјал (на повеќе јазици: македонски, албански, англиски, турски и француски јазик) кој се состои од постери, флаери и огласни табли, со цел понатамошно промовирање на отворената телефонска линија 197 за пријавување на шверц и корупцијата на Царината. Истовремено на националната Македонска теливизија се емитуваат спотовите за отворената телефонска линија (197) со поттикнување на јавувањата на што поголем број на граѓани. Финанската помош на Царинската управа е остварена во рамките на Програмата за техничка помош помеѓу Царинските управи на Република Македонија и Кралството Холандија.

На 31 декември 2007 години заврши EU CAFAO MAK Мисијата во Република Македонија, која обезбедуваше техничка помош на Царинската Управа во насока на модернизирање и унапредување на царинска дејност во согласност со европските стандарди. Поради завршувањето и заминувањето на CAFAO MAK Мисијата, на 19 декември 2007 година се потпиша Договор за пренос на опрема и возила, со кој во корист на Царинската управа  и беше отстапена ИТ опрема и мебел, како и 5 патнички возила, со вкупна вредност од околу 270 илјади евра. Донираните средства се доделени за користење во Секторот за информациска и комуникациска технологија, Секторот за контрола и истраги и Секторот за управување со човечки ресурси при Царинската управа.

Со цел замена на застарениот национален транзитен софтвер со нов, компатибилен  за поврзување со европските транзитни системи, кој истовремено треба да претставува основа за реализација на ИПА 2007 проектот за унапредување на царинскиот ИТ систем, Царинската управа во септември 2007 година подготви ToR за ИТ и царински експерти кои треба да подготват техничка спецификација за изработка на новиот национален транзитен софтвер. Кон крајот на септември 2007 година Царинската управа и Европската Агенција за реконструкција (ЕАР) постигнаа согласност дека ЕАР во најкраток можен рок ќе обезбеди 4 ИТ и царински експерти за изработка на техничката спецификација.  Овие експерти сеуште не се обезбедени., поради што во опасност се доведува навременото реализирање на ИПА 2007 проектот за унапредување на царинскиот ИТ систем и навременото постигнување интероперабилност со европските транзитни системи.

Царинската управа во соработка со странски експерти ги комплетираше и усогласи работните задачи за Техничка помош за изработка на работни задачи за имплементација на Проектот за реформи на Царинската управа според Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2007) (Technical Assistance for drawing up Terms of reference for implementation of the Customs Reform Project under the Instrument for Pre-Accession Assistance). Проектот се состои од од три компоненти: (1) Техничка помош за понатамошно усогласување на законодавството со Acquis, (2) Техничка помош за зајакнување на граничните контроли и (3) Техничка помош за унапредување на царинскиот ИТ систем. Усогласениот текст на Работните задачи за сите три компоненти со писмо за нивно одобрување, навремено, на 6 декември 2007 година е доставен до Европската агенција за реконструкција и истовремено до Делегацијата на Европската комисија во Скопје. Повикот за тендер е сеуште објавен во најава на официјалниот портал на Европската унија (EUROPEAID). Навременото започнување на овој проект е од исклучителна важност за исполнувањето на стратешките определби на Царинската управа.

Во декември беше изработен и Предлог проект за користење на ИПА фондовите за 2008 година „Поддршка на Царинската управа на Република Македонија за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит и имплементација на Нов Компјутеризиран транзитен систем (NCTS)“. Во рамките на процесот на приближување кон законодавството на ЕУ, Република Македонија поднесе барање за пристапување кон: Конвенцијата меѓу Европската Економска Заедница, Република Австрија, Република Финска, Република Исланд, Кралството Норвешка, Кралството Шведска и Швајцарската Конфедерација за заедничка транзитна постапка, од 20 мај 1987 и нејзините амандмани, и Конвенцијата меѓу Европската Економска Заедница, Република Австрија, Република Финска, Република Исланд, Кралството Норвешка, Кралството Шведска и Швајцарската Конфедерација за поедноставување на формалностите при трговијата со стока од 20 мај 1987 и нејзините амандмани и доби статус на набљудувач. Со оглед на карактерот, сложениот и долготраен процес на подготовка за покана за пристапување кон горенаведените конвенции исполнувањето на потребните стандарди треба да биде поддржано и помогнато од страна на стручни лица од Европската комисија и од земјите членки. Исто така, потребно е да се напомене дека со имплементацијата на Проектот за царински реформи „Поддршка за имплементација на Стратегијата за реформи на царината“, преку средства обезбедени од ИПА фондовите на ЕУ за 2007 година, се предвидува подготовка на дел од законодавството и постапките за понатамошно продолжување на активностите кои се предлагаат во Предлог проектот за 2008 година.

Како резултат на поднесената иницијатива за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит и добивањето на статус на земја набљудувач (до Европската комисија веќе се номинирани лицата од Царинската управа кои ќе учествуваат во работата на работните комитети за заедничкиот транзит, EC-EFTA Joint Committee, EC-EFTA Working Group, Electronic Customs Group), во изминатиот период се презедоа подготвителни активности за имплементација на Новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS). Беше изготвена Студија за имплементација на NCTS во која се разработени сите активности кои треба да бидат превземени за да се имплементира истиот, со рокови за нивно извршување и одговорни лица. По изготвување на Студијата, беше формиран работен тим (номиниран национален проект менаџер, работен тим во делот на царински постапки и работен тим во делот на информатичката технологија). Во поглед на иницијалните активности во делот на царинските постапки беше изготвена нацрт верзија на Предлог за измена и дополнување на Царинскиот закон, Уредбата за спроведување на царинскиот закон и Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат. Овие предлози за измена и дополнување на законот и

подзаконските прописи (кои треба понатаму да се доработуваат и усогласуваат со Министерството за финансии и други надлежни институции) се направени за усогласување со одредбите на Конвенцијата, како и понатамошно усогласување со acquis во делот на транзитната постапка.

Во рамките на Твининг програмата помеѓу Царинската управа и Царинската и даночната управа на Кралството Холандија на 17 декември 2007 година во Утрехт, Холандија се одржа третиот состанок на Комитетот за управавување. На Комитетот се разгледаа постигнатите активности во изминативе шест месеци. Директорот на Царинската управа, информираше за постигнатите резултати во 2007 година, во областа на наплатата на царински приходи, борба против корупција, заплена на шверцувани стоки и фалсификувани и пиратски стоки. Исто така беа нагласени и позитивните резултати кои се постигнати во областа на царинските постапки со економски ефект, пред се, увоз заради облагородување и примената на поедноставените постапки. Двете страни договорија уште повисоко ниво на соработка во 2008 година кое ќе ги опфаќа следниве области: понатамошно подобрување на системот на увоз заради облагородување и примената на поедноставени постапки, промотивна кампања за поедноставени постапки, мерки на трговска политика, заштита на интелектуалната сопственост, царинска вредност и потекло на стока, како и активности за евидентирање и наплата на царински долг.

На 5 декември 2007 година во Солун, Република Грција, се одржа 30-от Состанок на SECIPRO (National Committees for the Simplification of Rules and Practices in Administration, Commerce and Transport) и одбележување на десетгодишнината од неговото формирање. Во изминатиот период преку Пактот за стабилност и иницијативата на владата на САД (SECI) формирано е здружение на националните ПРО комитети во регионот. ПРО комитетите претставуваат форуми (начин на организирање) каде приватниот и јавниот сектор преку взаемна соработка и информирање учествуваат во поставување и имплементацијата на постапки (процедури) кои се потребни на граничните премини, подобрување на регионалната транспортна политика (и транспортот воопшто) кои се зацртани со Меморандуми за соработка. SECIPRO претставува канал преку кој се поставуваат барањата на стопанските субјекти, по што националаните комитети даваат свој придонес во нивно надминување на национално, билатерално и регионално ниво. Царинската управа во работењето на ова регионална организација е вклучена преку учество во работењето на МАКПРО организација во Рамките на Стопанската комора на Република Македонија, каде активно учествува во превземање на активности за олеснување на трговиајта и граничните постапки.

Во CEN базата на Светската царинска организација беа внесени податоци за 36 заплена реализирани од Царинската управа.

На 25.12.2007 година Царинската управа, Државната комисија за спречување на корупцијата, Управата за јавни приходи, Јавното обвинителство на Република Македонија, Државното правобранителство на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за ревизија, Управата за финансиска полиција, Дирекцијата за спречување на перење пари и Државниот завод за геодетски работи потпишаа протокол за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси.